РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ ЗА ИНФОРМАТИЧКИ НАУКИ И ТЕХНОЛОГИИ
„СВЕТИ АПОСТОЛ ПАВЛЕ“ ОХРИД

К О Н К У Р С

ЗА ЗАПИШУВАЊЕ НА СТУДЕНТИ НА ВТОР ЦИКЛУС СТУДИИ
НА УНИВЕРЗИТЕТОТ ЗА ИНФОРМАТИЧКИ НАУКИ И ТЕХНОЛОГИИ
„СВЕТИ АПОСТОЛ ПАВЛЕ“ ОХРИД
ВО АКАДЕМСКАТА 2023/2024 ГОДИНА

Декември, 2024

Во согласност со член 149 од Законот за високото образование („Службен весник“, бр. 82/2018 и 178/21), член 362 од Статутот на Универзитетот за информатички науки и технологии „Свети Апостол Павле“ Охрид, член 12 од Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на втор циклус студии на Универзитетот за информатички науки и технологии „Свети Апостол Павле“ Охрид, Одлуката на Владата на РСМ за давање согласност за запишување на втор циклус студии во учебната 2023/2024 година, 41-6111/9 од 1.8.2023 г., (Сл. весник бр. 169 од 2023 г.), Одлука на Ректорската управа на Универзитетот за информатички науки и технологии „Свети Апостол Павле“ Охрид, бр. 02-179/7 од 13.03.2023 година, Универзитетот за информатички науки и технологии „Свети Апостол Павле“ Охрид, ул. Партизанска бб, Дом на АРМ, Охрид објавува

К О Н К У Р С

за запишување на студенти на втор циклус студии
на студиските програми на единиците
на Универзитетот за информатички науки и технологии
„Свети Апостол Павле“ Охрид во учебната 2023/2024 година

I. Број на студенти

На студиските програми од втор циклус студии на единиците на Универзитетот за информатички науки и технологии „Свети Апостол Павле“ Охрид во прва година во учебната 2023/2024 година, ќе се запишат **следниов број студенти**:

УИНТ „Свети Апостол Павле“ Охрид	**Број на студенти**	**Износ на кофинансирање по семестар (ЕУР)**	**Времетраење на студиите**	**Број на кредити со кои се стекнува студентот по завршување на студиите**
ФАКУЛТЕТ ЗА КОМУНИКАЦИСКИ МРЕЖИ И БЕЗБЕДНОСТ				
Студиска програма по ИНФОРМАТИЧКИ НАУКИ И ТЕХНОЛОГИИ *	30	600 евра по семестар (во денари)	една година (2 семестри)	60 ЕКТС
Студиска програма по ИНФОРМАТИЧКИ НАУКИ И ТЕХНОЛОГИИ	25	400 евра по семестар (во денари)	две години (4 семестри)	120 ЕКТС
ФАКУЛТЕТ ЗА ПРИМЕНЕТИ ИНФОРМАТИЧКИ ТЕХНОЛОГИИ, МАШИНСКА ИНТЕЛИГЕНЦИЈА И РОБОТИКА				
Студиска програма по ИНФОРМАТИЧКА И МРЕЖНА БЕЗБЕДНОСТ, ПРИВАТНОСТ И ЗАШТИТА НА	20	400 евра по семестар (во денари)	две години (4 семестри)	120 ЕКТС

ПОДАТОЦИ				
ФАКУЛТЕТ ЗА КОМПЈУТЕРСКИ НАУКИ И ИНЖЕНЕРСТВО				
Студиска програма по КОМПЈУТЕРСКА ТЕХНИКА И ИНФОРМАТИКА *	30	600 евра по семестар (во денари)	една години (2 семестри)	60 ЕКТС
ФАКУЛТЕТ ЗА ИНФОРМАТИЧКИ И КОМУНИКАЦИСКИ НАУКИ				
Студиска програма по ДИГИТАЛНА БИЗНИС АНАЛИТИКА	20	600 евра по семестар (во денари)	една година (2 семестри)	60 ЕКТС

Школарината за студирање на втор циклус студии е целосно на товар на студентот.
За одбрана на магистерскиот труд студентите плаќаат износ од 300 евра во денарска противвредност, најдоцна 30 (триесет) дена пред одбраната.
Другите надоместоци кои студентите ги плаќаат во текот на студирањето се во согласност со Ценовник за висина на надоместоците што ги плаќаат студентите за образование и административни услуги на Универзитетот за информатички науки и технологии „Свети Апостол Павле“ Охрид.

II. Услови за запишување

На студиските програми можат да се запишат кандидати кои имаат завршено соодветни или сродни прв циклус на студии според претходните студиски програми и планови и кандидати кои имаат завршено соодветни или сродни прв циклус студии според ЕКТС.

Право на конкурирање на студиските програми по **Информатички науки и технологии (двегодишни втор циклус студии)** и **Информатичка и мрежна безбедност, приватност и заштита на податоци** имаат кандидатите што ги исполнуваат следниве општи услови:

- имаат завршено соодветен прв циклус на студии според претходните студиски програми и планови или имаат завршено соодветен прв циклус студии според ЕКТС во траење од најмалку 3 (три) години, односно стекнати минимум 180 кредити и исполнуваат други услови предвидени со студиската програма за организирање втор циклус студии на Универзитетот.

Право на конкурирање на студиските програми по **Информатички науки и технологии (едногодишни втор циклус студии)**, **Компјутерска техника и информатика** и **Дигитална бизнис аналитика** имаат кандидатите што ги исполнуваат следниве општи услови:

- имаат завршено соодветен прв циклус на студии според претходните студиски програми и планови или имаат завршено соодветен прв циклус студии според ЕКТС во траење од 4 (четири) години, односни стекнати минимум 240 кредити и исполнуваат други услови предвидени со студиската програма за организирање втор циклус студии на Универзитетот.

* Студиските програми означени со (*) се во постапка за реакредитација пред Одборот за акредитација и евалуација на високото образование.

III. Рокови за пријавување, рангирање според успехот од завршените прв циклус студии и запишување

пријавување на кандидатите	Од 02.01.2024 до 18.01.2024
објавување резултати од успехот (прелиминарна ранг листа)	22.01.2024
објавување решение за прием на кандидатите (конечна ранг листа)	24.01.2024
запишување на кандидатите	25.01.2024 и 26.01.2024

Забелешка:

Пред пријавувањето во роковите утврдени со Конкурсот, секој заинтересиран кандидат треба да се регистрира електронски со испраќање пријава за регистрација за упис на електронска пошта (e-mail) на следната електронска адреса upisi@uist.edu.mk .

Во предмет (Subject) на електронската пошта, кандидатите наведуваат „Пријава за запишување на втор циклус студии на кандидатот (име и презиме)“, а во електронската пошта треба да ги наведат факултетот и студиската програма на која сакаат да се запишат.

Кандидатите кои поради технички или друг вид проблем не можат да ја испратат пријавата по електронски пат, може да се обратат во Одделението за студентски прашања и ЕКТС на Универзитетот, на следниве е-маил адреса elena.naumova@uist.edu.mk / jasmina.andonoska@uist.edu.mk или на телефонскиот број 046/511-000/локал 112.

Кандидатот којшто го остварил правото на запишување, а во предвидениот рок нема да го изврши запишувањето го губи правото и наместо него правото на запишување го стекнува наредниот кандидат од ранг-листата. Студентот со Универзитетот склучува договор за студирање, со кој поблиску се утврдуваат нивните меѓусебни права и обврски.

IV. Документи за пријавување

Пријавувањето во роковите утврдени со Конкурсот се врши во службата за студентски прашања.
При пријавувањето за запишување на факултетите кандидатите ги поднесуваат следниве документи:

1. Пријава за запишување (образец кој ќе биде достапен на веб страната на Универзитетот www.uist.edu.mk);
2. Диплома за завршен прв циклус студии во оригинал или копија заверена на нотар (кандидатите кои завршиле во странство, потребно е да достават решение за признавање на странската диплома од Министерството за образование и наука);

3. Уверение за положени испити на прв циклус студии со оценки и кредити, во оригинал или копија заверена кај нотар (кандидатите кои завршиле во странство доставуваат еквиваленција на оценките);
4. Доказ за државјанство на РСМ (уверение или решение - оригинал);
5. Кратка биографија (CV);
6. Препораки од наставни или научни работници (доколку има такви);
7. Список на стручни или научни трудови, примерок од нив (доколку кандидатите имаат);
8. Документи за евентуални награди, признанија и други документи.

Конкурсот е објавен на интернет страната на
Универзитетот за информатички науки и технологии
“Св. Апостол Павле”, Охрид
www.uist.edu.mk